АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2774/1 | | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** сите радиодифузери и три даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

3. **Период опфатен со надзорот:** 2025 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 јули 2026 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 26 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(Давателите на медиумски услуги се должни континуирано и прогресивно да спроведуваат соодветни и пропорционални мерки за нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост. За спроведување на на овие мерки, односно за исполнување на годишниот акциски план, давателите на медиумски услуги поднесуваат годишен извештај до Агенцијата најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната календарска година)*

– **Член 10 од Правилникот за пристапност до медиумските услуги** Бр.01-2750/1 од 13.06.2024 година (*Обврска за доставување годишен извештај имаат телевизиите на национално ниво и давателите на медиумски услуги видео по барање, другите даватели на медиумски услуги доставуваат информација дали претходната година емитувале пристапни програми*)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

*Годишен извештај*

Во согласност со *Правилникот за пристапност до медиумските услуги*, обврска за доставување годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година, имаа давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на

кои се однесува законската обврска за усвојување и доставување годишен акциски план, односно три ТВ сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје (МРТ1, МРТ2 и МРТ5), девет национални комерцијални телевизии (ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 21-М, ТВ Шења, ТВ 24 Вести и Наша ТВ) и три даватели на аудиовизуелни медиумски услуги видео по барање: Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје (Max TV Видеотека), Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје (GLEY/ГЛЕЈ), и Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје (Move). Другите даватели на медиумски услуги требаше да известат, односно да достават информација дали претходната 2025 година емитувале пристапни програми за лицата со попреченост.

**Во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година, годишни извештаи за спроведување на годишните акциски планови за пристапност за 2025 година, доставија девет од вкупно 12 телевизиски програмски сервиси и трите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги видео по барање. Обврската за достава на годишни извештаи во законски утврдениот рок, односно до датумот на извршување на овој надзор, и покрај потсетувањето од страна на Агенцијата, не ја исполнија:**

1. **ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);**
2. **ЈРП МРТ, Македонска телевизија - Петти програмски сервис - Канал 5 (МРТ5);**
3. **КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје.**

За овие програмски сервиси, во поединечни извештаи за секој од нив, е констатирано прекршување на законската обврска за доставување годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година (член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).

**Од податоците во доставените годишни извештаи за спроведување на годишните акциски планови за пристапност за 2025 година, може да се констатира дека давателите на аудиовизуелни медиумски услуги што доставија годишни извештаи, генерално се придржувале до своите акциски планови, со извесни промени во однос на насловите на пристапните програми, но обезбедиле спроведување на своите мерки за обезбедување на поголема пристапност на нивните услуги за лицата со попреченост.** Телевизиските програмски сервиси, во 2025 година, првата година по влегување во сила на Правилникот, направиле пристапна по најмалку една програма која се појавува во програмската шема најмалку еднаш неделно, а аудиовизуелните медиумски услуги видео по барање, направиле пристапни најмалку 2% од понудата во нивните каталози, со што ги исполниле обврските од член 26 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Информација*

Во согласност со *Правилникот за пристапност до медиумските услуги*, другите даватели на медиумски услуги (оние што немаат обврски за доставување на годишни акциски планови за пристапност и годишни извештаи за нивно спроведување), до 31 март 2026 година, требаше да достават информација дали претходната 2025 година емитувале пристапни програми за лицата со попреченост.

**Во утврдениот рок, до 31 март 2026 година, годишна информација за емитување програмски содржини пристапни за лицата со попреченост во 2025**

**година, доставија само 11 телевизии** (ТВ Тера, ТВ Вистел, Прва Скопска Телевизија, ТВ Коха, ТВ Њуз, ТВ Кочани-ЛД, ТВ Протел, ТВ Свет, ТВ Калтрина, ТВ Ускана Медиа и ТВ Дуе) **и 22 радија** (РА Антена 5, РА Зона-М1, РА Клуб ФМ, РА Роса-АБ, РА Сити, РА Фортуна, РА Џез ФМ, РА Валандово, РА Голди, РА Мерак 5 ФМ, РА Александар Македонски, РА Мефф, РА Пела, РА Еко, РА Енџелс ФМ, РА Модеа, РА Свети Николе, РА Експрес, РА Хит, РА Блета, РА Ред ФМ и РА Марија Благовест).

**Од радиодифузерите што доставија информација за пристапност до услугите за 2025 година, само три пријавија дека емитувале содржини кои биле прилагодени за лицата со попреченост, и тоа: регионалната телевизија Прва Скопска, локалното Радио Валандово и непрофитната радиодифузна установа Радио Марија Благовест.** Прва Скопска прилагодила две програми со неколку репризи во текот на годината. Радио Марија Благовест го одбележала меѓународниот ден на лицата со попреченост со интервју кое било достапно и на Фејсбук профилот на радиото. Додека Радио Валандово информираше за бројни емисии, интервјуа и информативни прилози во текот на 2025 година со кои одбележале значајни датуми посветени на различни видови попречености, а во дел од содржините учествувале и лица со попреченост.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка:**

*За трите телевизиски програмски сервиси што не ја исполнија обврската за достава на годишен извештај, прекршувањето на член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е констатирано во поединечни извештаи за секој од нив во кои е предложено изрекување мерки јавна опомена.*

*За радиодифузерите што не ја исполнија обврската да достават информација дали во 2025 година емитувале содржини прилагодени за лицата со попреченост не се предлага изрекување мерки.*

***Сектор за програмски работи***